# НАЦИОНАЛНА СТРУКТУРА НА НАСЕЛБИТЕ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА СО НАД 1000 ЖИТЕЛИ ВО СВЕТЛИНАТА НА АКТУЕЛНИОТ ПОПИС ОД 2002 ГОД.

***Никола В. Димитров***[*/]

## ИЗВОД

Динамиката на движењето на националната припадност на населбите со над 1001 жители во Република Македонија разгледана за периодот 1953-2002 година бележи исклучитела специфика. Од податоците кои се презентираат се потврдува фактот, дека географскиот простор на Република Македонија станува арена на демографски натпревар кој продуцира промени со поголеми стратешки димензии.

***Клучни зборови***: Република Македонија, населби со над 1001 жители, национална припадност, попис 2002

## ABSTRACT

**DYNAMIC OF THE MOVEMENT OF THE POPULATION AND NATIONAL BELONING OF THE SETTLEMENTS WITH OVER 1.000 INHABITANTS IN THE REPUBLIK OF MACEDONIA**

***Nikola V. Dimitrov***

The dunamics of the movement the national belonging of the settlements with over 1.001 inhabitants in Republic Macedonia concidered for the period 1953-2002 it remerks am excuizit specification. Form the informations presented here its established the fact that the geographic spase of the Republic Macedonia its becoming a ring of demographic competition who produces changes with bigger stateigic demensions.

**Key words:** Republik of Macedonia, settlements with over 1.001 inhabittants, natural belonging, census 2002.

## ВОВЕД

Овој прилог е продолжение на претходниот труд објавен во Географски разгледи кн. 37 во кој пишувавме за бројот и динамиката на населението и за просторно-географските детерминанти на населбите со над 1000 жители за периодот 1953-2002 година. Во оваа прилика ќе се обидеме да направиме анализи на националната структура во населбите со над 1000 жители според пописот од 2002 година и нивна просторна разместеност.

Трудот е поделен на два дела. Во првиот дел, правиме анализа на овој вид населби според пописот од 2002 година и според административно-територијалната поделба од 1996 година (123 општини плус град Скопје), во вториот дел, даваме пресек на населбите со над 1000 жители според новата територијална оргазнизација на државата од 2004 година (84 општини плус град Скопје). Во функција на текстуалниот дел доволно податоци презентираме и преку табеларните прилози.

Преку овој текст се обидовме да направима идентификација на специфичностите кои мошне индикативно укажуваат на значајни демографски поместувања во Република Македонија по национална припадности, и за македонски услови, во т.н. "големи населби".

---

[*/] Д-р Никола В. Димитров; професор по географија во ДСУ-Гимназија "Јосип Броз-Тито" – Битола, Булевар "Први Мај" бр.51, 7000-Битола, Република Македонија

## 1. Број, динамика и национална припадност на населението во населбите со над 1000 жители за периодот 1953-2002 година, според поделбата од 1996 г.

Според пописот од 1953 година во тогашна Република Македонија биле регистрирани вкупно 1795 населби, од кои 231 населба имале над 1000 жители, што претставува учество од 12,9 % во вкупниот број населби. Бројот на жители во населбите со над 1000 лица изнесувал 713.777 жители или учество со 54,7 % од вкупното население во Републиката (1.304.514 жители, со просек по населба од 727 жители). Во населбите со над 1000 жители просечно по населба се паѓало по околу 3.090 жители. Додека пак во останатите 1563 населби живееле 590.737 жители или 45,3 % од населението, со просек по 378 жители по населба.

Податоците од пописот од 1994 година зборуваат за извесни промени кај овој вид населби. Така, бројот на населби со нас 1000 жители се искачил на 256 со учество во вкупниот број населби од 15,3 % (вкупниот број населби во Република Македонија во 1994 година изнесува 1674). Бројот на жители во населбите со над 1000 жители споредено 1953-1994 година се зголемил за 912.206 жители или за 127,8%. Во т.н. "големи населби" во 1994 година вкупно живееле 1.632.983 жители со учество од 83,9 % во вкупното население во Републиката (1.945.932 жители, просекот по населба бил 1.162 жители). Во населбите со над 1000 жители просечно по населба се паѓало по околу 6.379 жители  Додека пак во останатите 1418 населби живееле само 312.949 жители или 16,1 %, со просек по 220 жители по населба.

Според последниот попис од 2002 година вкупниот број населби во Република Македонија изнесува 1648, од кои 262 биле со над 1000 жители со учество во вкупниот број населби од 15,9%. Бројот на жители во овие населби се зголемил на 1.713.843 жители или учество од околу 84,7% во вкупното население во Републиката (2.022.547 жители, просекот по населби бил 1227 жители). Во населбите со над 1000 жители просечно по населба се паѓало по околу 7.719 жители. Додека пак во останатите 1386 населби живееле само 308.704 жители или 15,3 %, со просек по 222 жители по населба. Со подруги зборови кажано во 1/6 од населбите во Р.Македонија живеат приближно 85% од населението во државата, појава која сериозно загрижува и предупредува за отсуство на популациона политика без стратегија за просторно, социјално и економско планирање на поширока територија од Републиката.

Споредено 1953-2002 година бројот на населбите со над 1000 жители се зголемил за 31 населба или за 13,4 %. Бројот на жители во овие населби пораснал за 1.000.066 нови жители или за 140,1 %, а кај вкупното население интензитетот на зголемувањето бил помал и изнесувал 718.033 жители или зголемување за 55,0 % што претставува разлика од 282.041 жители.

Од ова може да се констатира дека, во периодот 1953-2002 година бројот на населби со над 1000 жители е зголемен како резултат на зголемување на населението по природен и механички пат. Спротивно на тоа помалите населени места се изложени на интензивни негативни демографски движења на иселување и постојана депопулација. За периодот 1953 -2002 година во Република Македонија целосно се раселени 147 населби.

Од наведени 262 населби со над 1000 жители, (за 2002 година, а според поделбата од 1996 г.) 132 имале од 1001 до 2000 жители или учество со 50,4 % во вкупниот број населени места со над 1000 жители (односно 8,0 % од вкупниот број населени места во земјата - 1648). Во 1953 година населби од 1001 до 2000 жители имало 178, а во 1994 година 137, нивното учество во т.н. "големи населби" изнесувало 77%, односно 53,5%. Во овој вид населени места во 1953 година вкупно живееле 241.076 жители што претставува 18,5% од населението во земјата, во 1994 година вкупниот број жители во овој вид населби изнесувал 192.955 жители што претставува 9,9 % од вкупното населението во земјата, а во 2002 година 187.081 жители или учество од 9,2%. Во 1953 година просечно во населбите со 1001 до 2000 жители се паѓало по 1354 жители, во 1994 година 1408 жители, а во 2002 година по 1417 жители.

Податоци за останатата динамика на движење на населението во населените места со над 1001 жители за Република Македонија можеме да искористиме од табела 1.

Табела бр. 1- Динамика на движењето на населението во населбите со над 1000 жители во Република Македонија, гледано според пописите од 1953 и 2002 година

*(поделба од 1996 г.)*

| жители од - до | Попис 1953 | | Попис 1994 | | Попис 2002 | | Разлика 1953-2002 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | Број на населби | Вкупен број на жители | Број на населби | Вкупен број на жители | Број на населби | Вкупен број на жители | Во населби | Во жители |
| **од 1001 до 2000** | **178** | **241.076** | **137** | **192.955** | **132** | 187.081 | -46 | -53.995 |
| **од 2001 до 3000** | **25** | **59.860** | **46** | **109.527** | **49** | 118.837 | 24 | 58.997 |
| *1001-3000* | *203* | *300.936* | *183* | *302.482* | *181* | *305.918* | *-22* | *4982* |
| **од 3001 до 4000** | **9** | **30.310** | **22** | **75.701** | **25** | 86.773 | 16 | 56.463 |
| **од 4001 до 5000** | **2** | **9.172** | **12** | **51.489** | **14** | 63.560 | 12 | 54.388 |
| *3001- 5000* | *11* | *39.482* | *34* | *127.190* | *39* | *150.333* | *28* | *110.851* |
| над 5001жит. | **17** | **373.359** | **39** | **1.203.311** | 42 | 1.257.592 | 25 | 884.233 |
| ***3001-над 5000 ж.*** | *28* | *412.841* | *73* | *1.330.501* | ***81*** | *1.407.925* | *53* | *995.084* |
| **Вкупно Над 1000 жители** | **231** | *713.777* | **256** | **1.632.983** | **262** | **1.713.843** | **31** | ***1.000.066*** |
| **%** | **12,9** | **54,7** | **15,3** | **83,9** | **15,9** | **84,7** | / | / |
| **Вкупно во РМ** | **1795** | **1304514** | **1674** | **1945932** | **1648** | **2022547** | 147 | 718033 |

Непобитен факт е дека во последните педесеттина години се одвиваат витални промената на етничката структура во македонскиот простор. Доколку овој процес продолжи и понатаму може да резултира со промена на етничката слика во Република Македонија, со примарна доминација на албанскиот, а секундарна на македонскиот етнос.

Бројни факти одат во прилог на погорното, како што се нискиот природен прираст и негативниот миграциски биланс кај Македонците, за

разлика од Албанците кои имаат висок природен прираст и позитивен миграциски биланс.

Ваквите контрасти денес стануваат реалност и во населбите со над 1000 жители. За прегледот да биде поверодостоен во рамките на овој труд ќе презентираме неколку табеларни прикази за националната структура во населбите со над 1000 жители, потоа за град Скопје и за останатите населби и тоа за периодот 1953 - 2002 година.

Со доза на субјективна внимателност и во интерес на научниот објективизам објаснувањето на табеларните прикази ќе биде делумно. Односно ќе говориме само за специфичните индикатори кои иницираат демографски поместувања и се добар показател за објективната слика на етничката структура во Република Макеоднија.

Вкупното учество на населението според националност во населбите со над 1000 жители, споредено 1953/2002 година, во апсолутен износ најмногу се зголемило кај Македонците и тоа за 638.405 лица, потоа кај Албанците за 362.981 лице, кај Ромите за 33.235 лица итн. Сепак, најголем процентуален пораст на населението по националност во населбите со над 1000 жители регистрираме кај Албанците со 391,1%, кај Ромите 174,7%, Власите 146,7%, па потоа кај Македонците со 146,3% и Србите со 31,9%. Единствено негативен процесот евидентираме кај Турците од – 54,7%, што секако е резултат на нивното масовно иселување за Република Турција.

Иако, Македонците во вкупниот број население во населбите со над 1000 жители учествуваат со 62,7%, сепак, нивното зголемување за 50 години е за 146,3%, со годишна динамика од  2,9%, додека пак Албанците кои во вкупното население учествуваат со 26,6% се зголемиле дури за 391,1%, или динамика од 7,8% годишно, а Ромите иако учествуваат со 3,0% се зголемиле за 174,7% или просечно годишно за 3,5%.

Наведените показатели кај Македонците се резултат на нискиот природен прираст и емиграционите движења, кај Ромите на високиот наталитет, а кај Албанците на високиот наталитет и механичкиот прилив од Косово и Албанија.

Анализата на селските-руралните населби со над 1000 жители го покажува следново. Во 1953 година, во 202 селски населби со над 1000 жители (11,2% од вкупниот број населби) биле сконцентрирани 304.549 жители или 42,7% од населението во големите населби (или 23,3% од вкупното население во РМ). Во 2002 година, во  233-те населби од овој тип (14,1% од вкупниот број населби), живеат вкупно 537.934 лица или 43,1% од населението во големите населби (или 26,6% од вкупното население во РМ). Ако во 1953 година во овој нив населби најголемо било учеството на Македонците со 52,6%, на Албанците со 22,3%, Турците со 21,6% итн, во 2002 година настанува промена. Така, во руралните големи населби со најголемо учеството сега се Албанците со 54,0%, а потоа следат Македонците со 37,4%, Турците со 4,6%, Бошњаците со 1,5%, Србите со 1,3% итн. Апсолутното зголемување на населеснието во големите рурални населби изнесува 233.385 жители, со најголемо учество на Албанци со 222.941 лице, потоа следат Македонците со 40.891 лица, а негативен процес кај Труците од –41081 лица итн. Причина за оваа појава секако дека се погоре наведените показатели на иселување и низок наталитет на Македонци и Турци, и на доселување и висок наталитет на Албанци.

Табела бр. 2 –Преглед според национална припадност на населбите со над 1000 жители, на град Скопје, на останатите градски населби, на останатите селски населби и вкупно на Р.Македонија, според пописите 1953,1994 и 2002 година *(поделба од 1996 г.)*

| **Населби** | **Попис** | **Вкупно** | **НАЦИОНАЛНОСТ** | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | **Македонци** | **Албанци** | **Турци** | **Роми** | **Власи** | **Срби** | **Бошњаци** | **Други (останати)** | **Не се изјасниле** |
| **Вкупно населби со над 1000 ж. (без Скопје)** | **1953** | **565737** | **342644** | **87340** | **103543** | **10472** | **3128** | **12972** | **...** | **5638** | **...** |
| | **1994** | **1188223** | **751886** | **323031** | **47637** | **22979** | **5346** | **17007** | **...** | **19553** | **784** |
| | **2002** | **1246586** | **741942** | **384299** | **49761** | **29059** | **6305** | **15316** | **8466** | **11438** | **...** |
| *Разлика 1953/02* | | *680849* | *399298* | *296959* | *-53782* | *18587* | *3177* | *2344* | */* | *5800* | */* |
| *Индекс 2002/53* | | *220,3* | *216,5* | *440,0* | *48,0* | *277,5* | *201,5* | *118,1* | */* | *202,9* | */* |
| **Само селски населби со над 1000 ж.** | **1953** | **304549** | **160318** | **67805** | **65833** | **1682** | **343** | **7048** | **....** | **1536** | **...** |
| | **1994** | **496147** | **206652** | **243359** | **23312** | **2138** | **303** | **7498** | **...** | **12594** | **300** |
| | **2002** | **537934** | **201209** | **290746** | **24752** | **2096** | **396** | **6845** | **8103** | **3787** | **...** |
| *Разлика 1953/02* | | *233385* | *40891* | *222941* | *-41081* | *414* | *53* | *-203* | */* | *2251* | */* |
| *Индекс 2002/53* | | *176,6* | *125,5* | *428,8* | *37,6* | *124,6* | *115,4* | *97,1* | */* | *246,5* | */* |
| **Вкупно градски населби** | **1953** | **409228** | **275997** | **24996** | **63056** | **17344** | **3242** | **15370** | **...** | **9204** | **...** |
| | **1994** | **1136836** | **870198** | **137658** | **33574** | **40911** | **7198** | **25776** | **...** | **20093** | **1419** |
| | **2002** | **1175909** | **873511** | **165036** | **33558** | **50165** | **8455** | **22722** | **6828** | **15634** | **...** |
| *Разлика 1953/02* | | *766681* | *597514* | *140040* | *-29498* | *32821* | *5213* | *7352* | *...* | *6430* | |
| *Индекс 2002/53* | | *287,3* | *316,5* | *660,2* | *53,2* | *289,2* | *260,8* | *147,8* | *...* | *169,8* | */* |
| **град Скопје** | **1953** | **148040** | **93671** | **5461** | **25346** | **8554** | **460** | **9446** | **...** | **5102** | **...** |
| | **1994** | **444760** | **324964** | **57986** | **9249** | **20070** | **2155** | **16276** | **...** | **13134** | **935** |
| | **2002** | **467257** | **332778** | **71483** | **8549** | **23202** | **2546** | **14251** | **6465** | **7983** | **...** |
| *Разлика 1953/02* | | *319217* | *239107* | *66022* | *-16797* | *14648* | *2086* | *4805* | *...* | *2881* | */* |
| *Индекс 2002/53* | | *315,6* | *355,2* | *1309,0* | *33,7* | *271,2* | *553,5* | *150,8* | *...* | *156,4* | */* |
| **Останати градови** | **1953** | **261188** | **182326** | **19535** | **37710** | **8790** | **2782** | **5924** | **...** | **4102** | **...** |
| | **1994** | **692076** | **545234** | **79672** | **24325** | **20841** | **5043** | **9509** | **...** | **6959** | **484** |
| | **2002** | **708652** | **540733** | **93553** | **25009** | **26963** | **5909** | **8471** | **363** | **7651** | **...** |
| *Разлика 1953/02* | | *447464* | *358407* | *74018* | *-12701* | *18173* | *3127* | *2547* | *...* | *3549* | */* |
| *Индекс 2002/53* | | *271,3* | *296,5* | *478,9* | *66,3* | *306,7* | *212,4* | *143,0* | *...* | *186,5* | */* |
| **СЕ ВКУПНО Населби со над 1000 ж.** | **1953** | **713777** | **436315** | **92801** | **128889** | **19026** | **3588** | **22418** | **...** | **10740** | **...** |
| | **1994** | **1632983** | **1076850** | **381017** | **56886** | **43049** | **7501** | **33274** | **...** | **32687** | **1719** |
| | **2002** | **1713843** | **1074720** | **455782** | **58310** | **52261** | **8851** | **29567** | **14931** | **19421** | **...** |
| *Разлика 1953/02* | | *1000066* | *638405* | *362981* | *-70579* | *33235* | *5263* | *7149* | *...* | *8681* | */* |
| *Индекс 2002/53* | | *240,1* | *246,3* | *491,1* | *45,2* | *274,7* | *246,7* | *131,9* | *...* | *180,8* | */* |
| **Останати населби под 1000 ж.** | **1953** | **590737** | **424384** | **69723** | **75049** | **8436** | **5080** | **12694** | **...** | **2371** | **...** |
| | **1994** | **312949** | **219114** | **60087** | **21131** | **658** | **1100** | **6954** | **...** | **3740** | **163** |
| | **2002** | **308704** | **223261** | **53301** | **19649** | **1618** | **844** | **6372** | **2087** | **1572** | **...** |
| *Разлика 1953/02* | | *-282033* | *-201123* | *-16422* | *-55400* | *-6818* | *-4236* | *-6322* | *...* | *-799* | */* |
| *Индекс 2002/53* | | *52,2* | *52,6* | *76,4* | *26,1* | *19,2* | *16,6* | *50,2* | *...* | *66,3* | */* |
| **СЕ ВКУПНО** | **1953** | **1304514** | **860699** | **162524** | **203938** | **20462** | **8668** | **35112** | **...** | **13111** | **...** |
| | **1994** | **1945932** | **1295964** | **441104** | **78019** | **43707** | **8601** | **40228** | **...** | **36427** | **1882** |
| | **2002** | **2022547** | **1297981** | **509083** | **77959** | **53879** | **9695** | **35939** | **17018** | **20993** | **...** |
| *Разлика 1953/02* | | *718033* | *437282* | *346559* | *-125979* | *33417* | *1027* | *827* | *...* | *7882* | */* |
| *Индекс 2002/53* | | *155,0* | *150,8* | *313,2* | *38,2* | *263,3* | *111,8* | *102,3* | *...* | *160,1* | */* |

Најголема концентрација на населението во Р.Македонија има во 29-те градски населби во кои во 1953 година живееле 409.228 жители или 31,4%, а во 2002 година 1.175.909 жители или над 58,1% од вкупното население. Ако во 1953 година Македонците партиципирале со 275.997 лица или со 67,4%, Турците со 63.056 лица или 15,4%, Албанците со 24.996 лица или 6,1%, Ромите со 17.344 лица или со 4,2%, Србите со 15.370 лица или со 3,5%, Власите со 3242 лица или со 0,8% итн. Како резултат на миграцијата село-град, во 2002 година патриципирањето на Македонците во градските населби се зголемил на 873.511 жители или учество од 74,3%, Албанците на 165.035 лица или 14,0% и Ромите учествуваа со 4,3%. Додека пак Турците се намалиле на 2,9%, на Србите на 1,9%, Власите на 0,7% итн.

Анализата на податоците посебно за град Скопје го покажуваат следново. Споредено 1953/2002 година Скопје од 148.040 жители се зголемил на 467.257 жители или за 319.217 лица (зголемување за 3,1 пати), односно за 215,6%. Гледано според националноста за град Скопје најголемо е зголемувањето на Македонците, кои во апсолутен износ се зголемиле за 239.107 лица (зголемување за 3,5 пати), а во процентуален износ за 255,2%, додека пак Албанците апсолутно се зголемиле за 66.022 лица (зголемување дури за 13,1 пати), а процентуалното зголемување достигнува фантастичен скок од 1209,0%. Останатите етнички заедници ги бележат следните вредности: Ромите се зголемиле за 14.648 лица (за 2,7 пати) или 171,2%, Власите за 2086 лица или за 453,5%, Србите за 4805 лица или за 50,8%, додека пак Турците се намалиле за –16797 лица или за 67,3%.

Во Скопје, Македонците во вкупното население во 1953 година учествувале со 63,3%, Турците со 17,1%, Србите со 6,4%, Ромите со 5,8%, Албанците со 3,7%. Динамичните демографски движења во последните 50 години предизвикале и големи промени во етничката структура на град Скопје, така во 2002 година Македонците своето учество во вкупното население го зголемиле на 71,2%, Албанците на 15,3%, Ромите на 5,0%, Србите на 3,9%, Турците 1,8%, Бошњаците 1,4%, Власите на 0,5% итн.

## 2. Број, динамика и национална припадност на населението во населбите со над 1000 жители за 2002 г., а според поделбата од 2004 година

Во Република Македонија според најновата административно-територијална организација на локалната самоуправа од 2004 година се формираа 84 општини и плус град Скопје. Од вкупниот број општини, 10 општини припаѓаат на територијата на град Скопје. Гледано според податоците за населението од пописот од 2002 година, а пресметани според новата организација на просторот во РМ од 2004 година, вкупниот број населби со над 1000 жители, вклучувајќи го и град Скопје, изнесува 282 населби. Овој број е всушност само 17,1 % од вкупниот број од 1648 населени населби. Во т.н. големи населби со над 1000 жители вкупно живеат 1.728.803 жители, односно 85,8% од вкупното население во Р.Македонија (2.022.547 жители). Во овој вид населби со околу 63% учествуват Македонците, со 25,5% Албанците, со околу 3% Турците и Ромите, итн. Во населбите со над 1000 жители најбројна популација имаат Македонците со 1.086.595 жители или учество во вкупната нивна популација (1.297.981 жители) од 83,7%, потоа следат Албанците со 458787 жители или 90,1% од вкупната нивна популација (509083 жители), Турците со 58319 жители или околу 75% (77959 жит.), Ромите со 52319 жители или учество дури од 97% (53879 жит.), остантите етнички заедници имаат учество од над 80-90%. Во останатите 1366 населени населби живеат 293744 жители или 14,2% од вкупната популација во државата, со просек од 215 жители по населба. Во оваа популација најголемо учество имаат Македонците со 211386 жители, Албанците со 50296 жители, Турците со 19640 жители итн. (Види: Табела бр. 3)

Во Републиката вкупниот број на населби со над 1000 жители без големите населби од територијата на град Скопје изнесува 247 населби. Во нив живеат 1.226.138 жители или учество од 60,6% во вкупното население. Град Скопје, заедно со 10-те општини (Аеродром, Бутел, Гази Баба, Ѓорче

Петров, Карпош, Кисела Вода, Сарај, Центар, Чаир и Шуто Оризари) вкупно има 502665 жители, или околу 24,9% од вкупното население во државата. На просторот на општините на град Скопје егзистираат 34 големи населби во кои живеат 97476 жители или учество од 7,36% во вкупните населби со над 1000 жители (281 населба со 1.323614 жители - заедно со скопските).

Во групата на големи населби со над 5000 жители, од скопските населби ги наведуваме Радишани со 9123 жители, село Драчево со 8641 жител, Ново Село со 8349, Волково со 6750, Сарај со 5232 жители итн., а од другите делови на Републиката, се: Мала Речица со 8353 жители, Арачиново со 7315, Чегране со 6748, Боговиње со 6328, Лабуништа со 5936, Велешта со 5834 жители итн.

Во 52 Општини има вкупно 125 населби со 1001 до 2000 жители во кои вкупно живеат 175896 жители или 8,7% од вкупното населениево државата. Гледано според националност, Македонците учествуваат со 48,6% (85478 жители), Албанците со 42,4% (74676 жители) итн. Во 63 т.н. големи населби побројни се Македонците, во 56 Албанците, во 4 Турците и во 2 Бошњаците. Со Општини со најголем број вакви населби се: Струга со 8 населби и вкупно 10885 жители, Сарај со 7 населби и 11181 жители, Струмица, Босилово, Желино, Куманово, Гази Баба, Гостивар и Тетово сите со по 5 населби и жители од над 5 до над 9000 жители, итн. (Види: Табели бр. 3 и 4).

Анализата за вкупниот број големи населби со над 1000 жители (без скопските големи населби) по национална припадност го покажува следново. Во овие населби, Македонците учествуваат со околу 61,4 %, Албанците со околу 29%, Турците со 4% и слично. Исто така, од вкупно 247-те населби Македонците се побројни во 123 населби (49,8%), Албанците доминираат во 110 големи населби (44,5%), Турците во 9, Бошњаците во 3, а во по една населба побројни се Србите и Останатите. Кај Скопските големи населби доминираат Македонците со над 52% и Албанците со над 40%, останатаите заедници имаат незначително учество.

Се вкупно гледано во 138 населби (49,1% од вкупниот број големи населби) побројни се Македонците (со 1.086.595 жители или 62,8% од вкупното население во големите населби), па Албанците се побројни во 129 населби (45,9%; со 458787 жители или 26,5%), Турците со 9 населби итн.

Со исклучок на општините Вевчани и Богданци каде целото вкупно општинско население живее во големите населби, и Општина Пласница со учество од 99,4%, кај останатите општини соодносот во учеството на населението во населбите со над 1000 жители во вкупното се движи во релации од 16,7% за Центар Жупа од вкупно 21 населба, од кои само една населба е со над 1000 жители), потоа Могила со 22,7% (од 23 населби исто само една е т.н. голема населена), па општина Демир Хисар со 27,3% (од вкупно 41 населба само една е со над 1000 жители) итн, се до учество од над 96%. Така, покрај погоре наведените три, други општини со најголем број населби со над 1000 жители се: Струга со 16 населби (во кои живеат 53399 жители или 84,2% од вкупното општинско население), Гостивар со 15 населби (76699 жители или 94,6%), Куманово со 12 (96502 жители или 92,4%), Тетово исто со 12 населби (83151 жители или 96,0%), Липково со 10 населби со над 1000 жители во кои живеат 25347 лица или учество во вкупното население од 93,7%. (Види: Табела бр.5)

Ако направиме генерална анализа на Табелата бр. 6 би го подвлекле следново. Општини со населби со над 1000 жители и во кои

Македонците учествуваат со 90 до 99% се 33 општина, и тоа: Могила, Новаци, Вевчани, Зрновци, Чешино-Облешево, Ново Село, Дојран, Кривогаштани, Кратово, Пробиштип, Македонски Брод, Македонска Каменица, Ранковце, Богданци, Старо Нагоричане, Пехчево, Сопиште, Чашка, Демир Хисар, Демир Капија, Гевгелија, Делчево, Берово, Кавадарци, Неготино, Кочани, Крива Паланка, Прилеп, Илинден, Валандово, Струмица, Аеродром и Кисела Вода.

Општини со населби со над 1000 жители и во кои Албанците учествуваат со 90 до 99% се 9 општини, и тоа: Зајас, Желино, Осломеј, Боговиње, Арачиново, Липково, Јегуновце, Шуто Оризари и Сарај

Општини со населби со над 1000 жители, и во кои Турците учествуваат со 90 до 99% се Центар Жупа и Пласница.

Во сите останати општини процентуалните соодноси според националност се во различни вредносни релации. (Види: Табела бр.6)

Гледано според просторни детерминанти, односно распоред на населбите со над 1000 жители според котлини и региони, глобално би го подвлекле следново. Со најголема концентрација на население е Скопската Котлина, со вкупно 17 општини и 578144 жители, со учество од 28,6% во вкупното население на Р.Македонија. Во оваа Котлина во 65-те населби со над 1000 жители, вклучувајќи ги и скопските, живеат 554206 жители или 95,8% од вкупното население во котлината. Најголемо учество во вкупната популација во котлината имаат Македонците со 63,5% (367413 жители), потоа следат Албанците со 23,1% (133893 жители), па Ромите со 4,2% (24225 жители), Србите со 3,1%, (18152 ж.), Турците со 2,1% (12216 ж.), Бошњаците со 1,9% (10946 ж.) итн.

Единствена поголема котлина во која доминираат Албанците е Полошката Котлина. Имено, во оваа котлина од вкупно 148-те населби 69 се т.н. големи населби во кои живеат 267990 жители или 90,7% од вкупното население во котлината (295495 жители). Албанците, во Полог доминираат во секој поглед, така, тие во вкупното население, кое брои 295495 жители учествуваат со 74,8%, Македонците со 17,5%, Турците со околу 5,0% итн.

Од останатите приложени котлини со над 120000 жители ќе се задржиме само на Пелагониската и Кумановската Котлина. (Табелата бр.7)

Пелагониската Котлина од вкупно 300 населби само 17 имаат над 1000 жители што претставува минимално учество од само 5,7%, и во истите живеат 174519 жители или 78,8% од вкупното население во просторот. Македонците доминираат како во големите населби со 86,8%, така и во вкупното население со 86,6%, потоа следат Албанците со 3,4%, односно 4,6%, па Ромите со 4,0 односно 3,2%, Турците со 2,4 односно 2,6% и др.

Кумановската Котлина се карактеризира со приближни вредности на учество на двете доминантни етнички заедници – Македонците и Албанците. Во оваа котлина од 110 населби, 23 населби (20,9%) се со над 1000 жители. Од вкупниот број жители 137382, во населби со над 1000 жители се сконцентрирани дури 89,6% (123141 жител). Гледано според националната застапеност, вредностите помеѓу Македонците и Албанците, според последниот попис се забележува приближување, и тоа, кај вкупното население 49:39%, а во населбите со над 1000 жители, 48:42%, додека пак, останатите заедници имаат помали вредности: Србите 7,5:6,8%, Ромите 3,1:3,5% итн.

И конечно, последната делумна анализа, според поголеми просторни целини, можеме да го резимираме следново. Најголема концентрација на вкупното население и на населението во населбите со над 1000 жители има во Повардарје, и тоа 866476 жители или 42,8%, односно 808396 жители или 46,7%. Во овој дел од Републиката, од вкупно 437 населби, 96 спаѓаат во групата населби со над 1000 жители, што претставува учество од 34,0% од вкупниот број вакви населби. Според национална припадност Македонците доминираат со 66,5% кај населбите со над 1000 жители, односно со 66,2% кај вкупното население, наспрема Албанците кои го имаат соодносот 22,4 и 22,2%. Учеството на другиоте заедници е далеку помало од претходните две. (Види: Табела бр.8)

Втора просторна целина е Западниот дел од Р.Македонија со 640826 жители или 37,1% учество во населбите со над 1000 жители, односно со 780590 жители или 38,6% учество кај вкупното население. Од вкупно 856 населби, 130 спаѓаат во групата на т.н. големи населби, што претставува учество од 46,1% од вкупниот број вакви населби. Во овој простор соодносите помеѓу Македонците и Албанците се доста блиски релации. Имено, Македонците, во овој простор, во населбите со над 1000 жители учествуваат со 45,4% односно со 48,6% кај вкупното население. Албанската популација во Западниот дел од Р.Македонија, ги има речиси истите вредности од 43,4% односно од 40,6%. Турците имаат учество од 6,3 односно 6,6%.

Третата просторна целина, Источниот дел од Р.Македонија има 279581 жители или 16,2% учество во населбите со над 1000 жители, односно со 375481 жители или 18,6% учество кај вкупното население. Во оваа порсторна целина, вкупно се распоредени 502 населби, од кои само 56 населби се со над 1000 жители, или учество во вкупниот број вакви населби од 19,9%. Според националната припадност, апсолутна доминација имаат Македонците со над 90 проценти (92,2 и 91,9%).

Податоците презентирани во приложените табели, според старата и новата административно-територијална организација на Република Македонија, детектираат присуство на активни демографски промени во етно-националната структурата на населението во поодделни просторни целини и во државата во целина. Така, од изнесените демографски показатели можат да се согледаат дијаметрални етнички трендови на демографска апатија-рамнодушност, депримираност кај Македонците, Србите, Власите, Турците, од една и на демографска агресија на Албанците и Ромите од друга страна.

Ваквите етнички противречности меѓу етнозаедниците во одредени постори или државни заедници, демографската теорија ги идентификува како етноцентризам. Етноцентризмот восебе препознава и продуцира процеси на етничка мобилизација која може да доведе до етнички конфликти и процеси на етничка транзиција која пак во догледно време предизвикува и промена на етничката власт на одредена територија. Всушност, човековата историја трансферот на етно-популациите ги именува како процес на смена на цивлилизациите и народите, промени кои егзистираат во актуелниот миг и кои ќе бидат дел од иднината.

## ЗАКЛУЧОК

Евидентни се етно-демографски промени во македонскиот географски простор. Овие промени се одвиваат со динамика на албанска етничка мобилизација во населбите со над 1000 жители. Тоа значи создавање на реални претпоставки за навлегување на повисоко ниво, повисока фаза на етничка транзиција на населението во Република Македонија.

За ублажување на овој притисок врз македонското етноткиво потребна е активна примена на етнички балансирана популациона политика на целиот простор во Република Македонија.

## СТАТИСТИЧКИ ИЗВОРИ И ЛИТЕРАТУРА


1. ЗСРМ. (1996): Попис на населението, домаќинствата, становите и земјоделските стопанства во Република Макдонија, 1994 година, книга I, дефинитивни резултати, Скопје.
2. РЗС. (1976): Демографски податоци за село-град во СРМ, Статистизчки преглед бр. 65, Скопје.
3. РЗС. (1986): Население во градовите на СРМ, Статистички преглед бр. 162, Скопје.
4. ЗСРМ. (2002): Население на Република Македонија според изјаснување за национална припадност, Пописи на населението во Република Македонија од 1948 до 1994 година, податоци по општини и населени места според административно-териоријаната поделба од 1996 година, Документација од пописот, книга IX, Скопје.
5. Никола В. Димитров. (2002): Динамика на движење на населението и национална припадност на населбите со над 1000 жители во Република Македонија, Географски разгледи, кн.37, Скопје.
6. Leksikon migracijskog i etničkog nazivlja. (1998): Institut za migracija i narodnosti (IMIN), Zagreb.
7. ДЗС. (2004): Вкупно население, домаќинства и станови – дефинитивни податоци по населени места – Вкупно население според изјаснување за национална припадност, мајчиниот јазик и вероисповедта, Попис на населението, домаќинствата и становите во Република Македонија, 2002, Книга X, Скопје.

Табела бр. 5 -Број на големи и останати населби со вкупен број население

*(йойис 2002 ī. и админисшрашивно-шерийоријалнаша орīанизација на РМ од 2004 ī.)*

| рб | ОПШТИНА | Број на големи населби и вкупен број на население | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | ВКУПНО населби со над 1000 жители | | Вкупно населби под 1000 жители | | Раселени населби | СЕ ВКУПНО населби и жители | |
| | | број | население | број | население | број | број | население |
| 1. | **Арачиново** | 3 | 10768 | 2 | 1224 | 0 | 5 | 11992 |
| 2. | **Берово** | 2 | 9097 | 7 | 4848 | 0 | 9 | 13941 |
| 3. | **Битола** | 5 | 83327 | 54 | 12658 | 7 | 66 | 95985 |
| 4. | **Богданци** | 2 | 7942 | 2 | 765 | 0 | 4 | 8707 |
| 5. | **Боговиње** | 8 | 25401 | 6 | 3596 | 0 | 14 | 28997 |
| 6. | **Босилово** | 6 | 10803 | 13 | 8198 | 0 | 19 | 19001 |
| 7. | **Брвеница** | 6 | 14398 | 4 | 1457 | 0 | 10 | 15855 |
| 8. | **Валандово** | 3 | 7976 | 13 | 3914 | 13 | 29 | 11890 |
| 9. | **Василево** | 3 | 5319 | 13 | 6803 | 2 | 18 | 12122 |
| 10. | **Вевчани** | 1 | 2433 | 0 | 0 | 0 | 1 | 2433 |
| 11. | **Велес** | 5 | 52149 | 27 | 5453 | 3 | 35 | 57602 |
| 12. | **Виница** | 5 | 16279 | 11 | 3659 | 0 | 16 | 19938 |
| 13. | **Врапчиште** | 7 | 22384 | 8 | 3015 | 0 | 15 | 25399 |
| 14. | **Гевгелија** | 4 | 20380 | 13 | 2608 | 0 | 17 | 22988 |
| 15. | **Гостивар** | 15 | 76699 | 17 | 4331 | 1 | 32 | 81030 |
| 16. | **Градско** | 1 | 2217 | 9 | 1543 | 6 | 16 | 3760 |
| 17. | **Дебар** | 1 | 14561 | 12 | 3391 | 4 | 17 | 17952 |
| 18. | **Делчево** | 1 | 11500 | 21 | 6005 | 0 | 22 | 17505 |
| 19. | **Демир Капија** | 1 | 3275 | 10 | 1270 | 4 | 15 | 4545 |
| 20. | **Демир Хисар** | 1 | 2593 | 39 | 6904 | 1 | 41 | 9497 |
| 21. | **Дојран** | 1 | 1100 | 10 | 2326 | 2 | 13 | 3426 |
| 22. | **Долнени** | 5 | 8887 | 32 | 4824 | 1 | 38 | 13711 |
| 23. | **Другово** | 1 | 1492 | 27 | 1757 | 0 | 28 | 3249 |
| 24. | **Желино** | 9 | 19009 | 9 | 5381 | 0 | 18 | 24390 |
| 25. | **Зајас** | 3 | 7315 | 10 | 4290 | 0 | 13 | 11605 |
| 26. | **Зелениково** | 1 | 1135 | 14 | 2942 | 0 | 15 | 4077 |
| 27. | **Зрновци** | 1 | 2221 | 2 | 1043 | 0 | 3 | 3264 |
| 28. | **Илинден** | 4 | 11830 | 8 | 4064 | 0 | 12 | 15894 |
| 29. | **Јегуновце** | 4 | 4979 | 13 | 5811 | 0 | 17 | 10790 |
| 30. | **Кавадарци** | 3 | 34252 | 29 | 4489 | 8 | 40 | 38741 |
| 31. | **Кичево** | 2 | 28130 | 5 | 2008 | 0 | 7 | 30138 |
| 32. | **Кочани** | 3 | 33394 | 22 | 4698 | 3 | 28 | 38092 |
| 33. | **Кратово** | 1 | 6924 | 30 | 3517 | 0 | 31 | 10441 |
| 34. | **Крива Паланка** | 3 | 17181 | 31 | 3639 | 0 | 34 | 20820 |
| 35. | **Кривогаштани** | 1 | 1870 | 10 | 4137 | 1 | 12 | 6007 |
| 36. | **Крушево** | 1 | 5330 | 17 | 4354 | 1 | 19 | 9684 |
| 37. | **Куманово** | 12 | 96502 | 29 | 7955 | 1 | 42 | 104457 |
| 38. | **Липково** | 10 | 25347 | 10 | 1711 | 2 | 22 | 27058 |
| 39. | **Маврово-Ростуша** | 3 | 5521 | 37 | 4914 | 6 | 46 | 10435 |
| 40. | **Македонски Брод** | 1 | 3740 | 49 | 3731 | 1 | 51 | 7141 |
| 41. | **Македононска Каменица** | 1 | 5147 | 8 | 2963 | 0 | 9 | 8110 |
| 42. | **Могила** | 1 | 1526 | 22 | 5184 | 0 | 23 | 6710 |
| 43. | **Неготино** | 4 | 16525 | 9 | 2687 | 6 | 19 | 19212 |
| 44. | **Новаци** | 1 | 1283 | 32 | 2266 | 8 | 41 | 3549 |
| 45. | **Ново Село** | 3 | 5778 | 14 | 6188 | 0 | 17 | 11966 |
| 46. | **Осломеј** | 4 | 6484 | 13 | 3941 | 0 | 17 | 10425 |
| 47. | **Охрид** | 5 | 50061 | 28 | 5688 | 0 | 33 | 55749 |
| 48. | **Петровец** | 3 | 4941 | 13 | 3314 | 0 | 16 | 8255 |
| 49. | **Пехчево** | 1 | 3237 | 6 | 2280 | 0 | 7 | 5517 |
| 50. | **Пласница** | 3 | 4520 | 1 | 25 | 0 | 4 | 4545 |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| 51. | **Прилеп** | 2 | 69704 | 53 | 7064 | 5 | 60 | 76768 |
| 52. | **Пробиштип** | 3 | 12624 | 34 | 3569 | 0 | 37 | 16193 |
| 53. | **Радовиш** | 4 | 21094 | 19 | 7150 | 13 | 36 | 28244 |
| 54. | **Ранковце** | 1 | 1192 | 17 | 2952 | 0 | 18 | 4144 |
| 55. | **Ресен** | 2 | 9917 | 38 | 6908 | 4 | 44 | 16825 |
| 56. | **Росоман** | 1 | 2554 | 9 | 1587 | 0 | 10 | 4141 |
| 57. | **Старо Нагоричане** | 1 | 1292 | 45 | 4575 | 0 | 46 | 5867 |
| 58. | **Свети Николе** | 2 | 14758 | 29 | 3739 | 3 | 34 | 18497 |
| 59. | **Сопиште** | 1 | 5325 | 12 | 4197 | 0 | 13 | 9522 |
| 60. | **Струга** | 16 | 53399 | 29 | 9968 | 6 | 51 | 63367 |
| 61. | **Струмица** | 8 | 47072 | 11 | 2464 | 2 | 21 | 49536 |
| 62. | **Студеничани** | 4 | 14375 | 13 | 2871 | 2 | 19 | 17246 |
| 63. | **Теарце** | 8 | 21979 | 3 | 475 | 2 | 13 | 22454 |
| 64. | **Тетово** | 12 | 83151 | 7 | 3429 | 1 | 20 | 86580 |
| 65. | **Центар Жупа** | 1 | 1006 | 15 | 5253 | 5 | 21 | 6259 |
| 66. | **Чашка** | 1 | 1471 | 33 | 3708 | 5 | 39 | 5179 |
| 67. | **Чешиново-Облешево** | 2 | 2179 | 12 | 5311 | 0 | 14 | 7490 |
| 68. | **Чучер Сандево** | 1 | 3167 | 11 | 5326 | 0 | 12 | 8493 |
| 69. | **Штип** | 2 | 44717 | 33 | 3079 | 9 | 44 | 47796 |
| | **ВКУПНО** | **247** | **1226138** | 1244 | 277394 | 138 | **1628** | **1503198** |
| | | | | | | | | |
| 70. | **Аеродром** | 1 | 2440 | / | / | / | **1** | 2440 |
| 71. | **Бутел** | 2 | 11466 | 1 | 928 | / | **3** | 12394 |
| 72 | **Гази Баба** | 9 | 19088 | 3 | 1163 | / | **12** | 20251 |
| 73. | **Ѓорче Петров** | 3 | 16213 | 3 | 599 | 1 | **7** | 16812 |
| 74 | **Карпош** | 3 | 5924 | 1 | 314 | / | **4** | 6238 |
| 75. | **Кисела Вода** | 1 | 8641 | 1 | 845 | / | **2** | 9486 |
| 76. | **Сарај** | 14 | 32154 | 9 | 3254 | / | **23** | 35408 |
| 77. | **Шуто Оризари** | 1 | 1550 | 1 | 454 | / | **2** | 2004 |
| | ***Скопски гол.нас.*** | ***34*** | ***97476*** | **19** | **7557** | **Вк.ско.нас.** | **54** | 105033 |
| | | | | | | | | |
| 78. | **Центар** | / | / | ***Вк.скоп. рурални и приградски нас.*** | | | ***53*** | 105033 |
| 79. | **Чаир** | / | / | ***Скопска раселена населба*** | | | ***1*** | 0 |
| | **Големи населби** | **247** | 1226138 | ***Скопски населби во градот*** | | | ***12*** | 397623 |
| | **Скопски гол.нас.** | 34 | 97476 | **Се вкупно населби со жители** | | | **66** | **502656** |
| | **ВКУПНО** | **281** | **1323614** | | | | | |
| | | | | 85. | **Вк.нас. град Скопје со 10 опш.** | | **66** | **502665** |
| | **Вкупно големи нас.** | **/** | **1323614** | / | **1322613** | **1226138** | / | **1728803** |
| | **Останат дел на Скопје** | **/** | **397632** | / | **397632** | 502665 | / | **293744** |
| | **Населби под 1000 ж.** | **/** | **293744** | / | **302302** | **1728803** | / | **2022547** |
| | **Скопски нас.под 1000 ж.** | **/** | 7557 | / | **2022547** | | | |
| | **Вкупно** | **/** | **2022547** | / | | | | |

| | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | | **Населби** | | **број** |
| | | | | | | **Под 1000 ж.** | | ***1244*** |
| **Општини без населби со над 1000 ж.** | | | | **жите-ли** | | **Ост.населби** | | ***91*** |
| р.б. | **Општина** | **Населби** | | | | **Вкупно** | | ***1335*** |
| | | **раселени** | **вкупно** | | **Населби** | **број** | **број** | **Населби** |
| 80. | **Дебарца** | 0 | 30 | 5507 | Под 1000 ж. | ***1335*** | **1648** | Населени |
| 81. | **Вранештица** | 0 | 15 | 1322 | Гол.населби | ***282*** | **147** | Раселени |
| 82. | **Карбинци** | 4 | 29 | 4012 | Ост.ск.нас. | ***31*** | **1795** | Се вкупно |
| 83. | **Конче** | 4 | 14 | 3536 | Се вкупно | ***1648*** | ***/*** | / |
| 84. | **Лозово** | 0 | 11 | 2853 | | | | |
| | **Вкупно** | 8 | **99** | **17230** | | | | |